Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

# И З В Е Ш Т А Ј
# ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА ВО ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА - ШТИП

**Ноември 2022**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**од извршена вонредна финансиска контрола во**
**ЈЗУ Клиничка болница - Штип**

Вонредната финансиска контрола е извршена по добиен писмен налог број 08-16401/1 со дата 04.11.2022 година, со работна задача - контрола на пресметана и исплатена плата на медицински и организациски директор во ЈЗУ Клиничка болница - Штип, за период од јануари до септември 2022 година.

Согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Фондот), вонредната финансиска контрола е извршена од овластените финансиски контролори Горан Симоновски и Лиљана Пандиловска.

Контролата е започната на 17.11.2022 година, во просториите на ЈЗУ Клиничка болница - Штип.

**<u>Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:</u>**

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Директор медицински | Ален Георгиев | Директор медицински | 10.10.2019 год. Решение бр.11-7239/3 |
| Директор организациски | / | / | / |

Овластено лице од установата задолжено за доставување информации во текот на контролата:

Име и презиме: Валентина Ристова
Функција: Раководител на сектор за материјално сметководствено и финансиско работење
Телефон за контакт: 078 210 114

На контролата и е даден на увид менаџерски договор заведен во Министерство за здравство под број 17-1594/1 со дата 10.02.2020 година (во ЈЗУ арх. број 03-292/1 со дата 10.02 2020 година).

Платите во ЈЗУ Клиничка болница - Штип, се пресметуваат по Колективен договор за здравствена дејност на Република Македонија.

Во здравствената установа, во контролираниот период, организирана е работа со дежурство но на контролата не и беше дадена на увид, односно ЈЗУ нема согласност од Министерство за здравство за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство.

Во контролираните пресметки не е констатирано зголемување на основната плата заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место.

За евидентирање присуство на работа во здравствената установа добиено е појаснување дека постои систем за контрола на работното време, но истиот не е возможно да се презентира на контролата. Од таа причина контролата не се произнесува за бројот на часови пресметани за дежурство и приправност.

Директор - Решение за плата број 04-4/368 со дата 11.02.2020 година

| Вредност на бод 14.090 | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | 168 | 160 | 184 | 168 | 176 | 176 | 168 | 184 | 176 |
| коефициент на сложеност: | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 |
| минат труд (%): | 8,5%/17 г | 8,5%/17 г | 8,5%/17 г | 8,5%/17 г | 8,5%/17 г | 8,5%/17 г | 8,5%/17 г | 8,5%/17 г | 8,5%/17 г |
| додаток по основ на раководење: | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток по основ на услови за работа (%): | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| прекувремена работа ( % ): | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток за ноќна работа (%) | 50% | / | / | 50% | / | / | 50% | / | / |
| додаток во три смени (%) | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток во орг.единица за ИМП (%) | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток за дежурство ( % ): | 96% | / | / | 96% | / | / | 96% | / | / |
| додаток за работа во празник | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| додаток без остварен повик и ангажирање | / | / | / | 8% | / | / | / | / | / |
| додаток за остварен повик и ангажирање | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

Коефициентот на сложеност е во согласност со колективниот договор.

Платата во контролираниот период се пресметува, односно вредноста на бодот е согласно Спогодбата за утврдување најниска плата во здравствената дејност (14.090,00 денари).

Основната плата се пресметува правилно (коефициент на сложеност х 14.090,00 денари).

За секоја година работен стаж се пресметува 0,5% додаток на основната плата, согласно колективниот договор.

Не е констатирано зголемување на основната плата заради работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место, во контролираните пресметки.

Констатирано е пресметување и исплата на часови поминати на дежурство, работа ноќе и приправност, во контролираните пресметки.

На контролата и се доставени документи "Податоци за присутност на вработени од сектор за административно правни работи, општи работи и човечки ресурсси" (список од кој може да се видат сите денови во месецот со евидентирани денови на редовна работа за сите контролирани месеци) и "Податоци за присутност на вработени од РЕ Хирургија" (списоци на доктори со евидентирани денови на редовна работа и дежурство и пресметани часови за истите, како и табела со наведен вкупен број часови за дежуратво, работа ноќе и приправност во соодветниот месец. Истите се потпишани од лица одговорни за изработка на истите.
Приправноста не е наведена во часови (наведено е 1 ден, појаснето е дека се пресметува како 8 часа). Контролата не може со сигурност да се произнесе за исправноста на пресметаните часови за приправност.

Од увидот во споменатите документи и пресметката на плата констатирано е дека бројот на часови исплатени за дежурство и работа ноќе соодветствува со бројот на часови евидентирани во списоците.

За дежурство во контролираниот период се пресметува и исплаќа додаток за дежурство и работа ноќе и тоа:

- во редовните работни денови (од понеделник до четврток) се пресметува и исплаќа 8 часа од дежурството со 96% од саатнината за редовните работни денови и се пресметува 8 часа работа ноќе со 50%,
- во петок и недела се пресметуваат и исплаќаат 16 часа од дежурството со 96% од саатнината за редовните работни денови (од понеделник до петок) и 8 часа работа ноќе со 50%,
- во сабота се пресметуваат и исплаќаат 24 часа од дежурството со 96% од саатнината за редовните работни денови (од понеделник до петок) и 8 часа работа ноќе со 50%.

Според пресметките произлегува дека додатокот за дежурство се пресметува како за други гранки (96%), а не како за хируршки гранки (114%). Директорот е доктор специјалист по општа хирургија.

Во пресметките за месеците во кои е евидентирано пресметување додатоци за дежурство и работа ноќе, констатирана е ставка "Одземање денари" за која контролата не може со сигурност да се произнесе (како износ и категорија).

Доставени се Решенија за користење годишен одмор за период од:

- 13.01.2022 до 18.01 2022 година
- 28.03.2022 до 01.04.2022 година
- 09.08.2022 до 19.08.2022 година

Не се констатирани пресметување и исплата на часови за дежурство, работа ноќе, работа во недела и прекувремена работа, во време на траење на годишните одмори.

Не се констатирани евидентирани часови на боледување.

Во однос на службени патувања во периодот јануари-септември 2022 година, добиено е појаснување дека директорот има службени отсуства во овој период претежно до Скопје, но не поднесува патен налог. Контролата е на мислење дека налози треба да има.

Во сите контролираните пресметки (јануари - септември 2022 година) не е констатирано пресметување и исплата на додаток за работа во недела.

Скопје, 23.11.2022 година

Финансиски контролори

Горан Симоновски

Лилјана Пандиловска

Директор на сектор за финансиски прашања

Миле Сугарев